# РАМКОВНИ СПОГОДБИ

Во соработка со УСАИД проектот
за деловно опкружување

Оваа публикација е подготвена од страна на Бирото за јавни набавки со великодушната поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за Меѓународен Развој (УСАИД).

Мислењата изразени во оваа публикација им припаѓаат на авторите и не ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за Меѓународен Развој или на Владата на Соединетите Американски Држави.

Почитувани,

Јавните набавки претставуваат клучен инструмент за создавањето на пазарната економија. Со извршување на набавките, државата директно учествува на пазарот и нејзиното однесување во голема мерка влијае врз севкупните економски текови. Всушност, при вршењето на јавните набавки, државата треба јасно да покаже дека ги почитува основните принципи на пазарната економија, односно обезедување и функционирање на слободна и фер конкуреција.

Во тој контекст, Законот за јавни набавки, претставува основа за воспоставување на транспарентен и ефикасен систем на јавни набавки, а воедно претставува и значајно средство против евентуалните девијантни појави.

Успешноста на функционирањето на овој систем, зависи пред се од доследната примена и спроведувањето на повеќе клучни принципи, од кои најважни се: одговорноста, професионалноста, транспарентноста и конкуренцијата. Овие концепти и вредности претставуваат радикална појдовна точка во реализација на пазарната ефикасност и доследно и правилно функционирање на системот на јавни набавки.

Стратешка определба на Република Македонија е стекнување на полноправно членство во Европската унија. Имајќи го предвид наведеното нашата земја превзема активности за усогласување на нашето законодавство со правото на Европската унија. Бирото за јавни набавки при Министерството за финансии е активно вклучено во делот на усогласување на нашето национално право во полето на јавните набавки со релевантните Директиви на Европската Унија, како и прифаќање на европските стандарди на работење во оваа област. Континуирано работиме на обезбедување на ефикасност, рационалност и транспарентност на постапките за доделување на договори за јавни набавки, како и на охрабрување на конкуренцијата и спречување на корумпивните практики.

Предложените законски решенија предвидуваат бројни новини кои се интегрираат во системот на јавните набавки, но исклучително важно е да се развие нивна правилна имплементација.

Токму затоа Бирото за јавни набавки, во соработка со Проектот за деловно окружување на УСАИД, пристапи кон изготвување на овој материјал кој треба барем делумно да ги задоволи потребите на корисниците од овие информации. Се надеваме дека ќе се постигне целта овој текст да даде краток преглед на европските искуства и правила во однос на примената на новите инструменти кои се предвидени со Директивите за јавни набавки во класичниот јавен сектор и кај субјектите кои вршат една или повеќе дејности во секторите водоснабдување, енергетика, транспорт и поштенски услуги, како и правните механизми за заштита во постапките за јавни набавки. Се разбира, овој материјал претставува само појдовна основа, која континуирано ќе треба да се надградува со нашите домашни искуства.

Во тој контекст, сите забелешки и препораки кои можат да помогнат во изградбата на подобар и поефикасен систем на јавни набавки се добредојдени.

Со почит,

Биро за јавни набавки

## С о д р ж и н а

Вовед ........................................................................................4
Што е рамковна спогодба? ..............................................................5
Кога може да се склучи рамковна спогодба? ....................................6
Времетраење на рамковната спогодба ............................................7
Страни во рамковната спогодба .......................................................8
Проценета вредност на рамковната спогодба...................................8
Единечна и повеќекратна рамковната спогодба ...............................9
Рамковни спогодби според условите кои се дефинирани ...............10
Рамковни спогодби во кои се утврдени сите услови за доделување на договор...........................................................................11
Рамковна спогодба со еден економски оператор (единечен рамковен договор)........................................................................11
Рамковна спогодба со повеќе економски оператори (повеќекратни рамковни договори) ...........................................11
Рамковни спогодби во кои не се утврдени сите услови за доделување на договор (рамковни спогодби -strico sensu) ............12
Рамковна спогодба со еден економски оператор (единечна рамковна спогодба)......................................................................12
Рамковна спогодба со повеќе економски оператори (повеќекратни рамковни спогодби) ...........................................13
Бенифиции од користење на рамковните спогодби ........................16

## Вовед

Во 2004 година, Европската унија усвои две нови Директиви за јавни набавки со цел дополнително да го усогласи и модернизира европското законодавство за јавни набавки. Претходните Директиви во кои беа пропишани правилата за јавните набавки на стоки, услуги и работи во класичниот јавен сектор, се соединети во Директивата 2004/18/ЕЗ, а додека во Директивата 2004/17/ЕЗ се регулираа правилата за јавни набавки на правните лица кои вршат една или повеќе дејности од јавен интерес во секторите водоснабдување, енергетика, транспорт и поштенски услуги.

Одредбите за рамковните спогодби од класичната Директива се однесуваат практично на две различни ситуации на рамковни спогодби и тоа: на рамковни спогодби во кои се утврдени или оние во кои не се утврдени сите услови за доделување на договорот за јавна набавка. Првите може да се наречат рамковни договори, додека вторите рамковни спогодби (strico sensu).

Важно е да се напомене дека рамковните спогодби во кои се утврдени сите услови за доделување на договори за јавни набавки (рамковни договори) се “традиционални” јавни договори, и истите не претставуваат новина во европското законодавство за јавни набавки.

Всушност, со новата Директива за класичниот јавен сектор за јавни набавки, се пропишаа нови одредби, кои овозможуваат користење на рамковните спогодби во кои не се утврдени сите услови за доделување на договорот за јавна набавка, во моментот на склучување на спогодбата.

Рамковните спогодби во кои не се дефинирани или утврдени сите услови за доделување на договорот (strico sensu) се по дефиниција некомплетни и условите кои не се дефинирани ќе треба да се договараат постепено. Меѓутоа, сите одредби од Директивите на ЕУ се однесуваат и за двата типа на рамковни спогодби.

Искуството на земјите-членки на ЕУ од примената на рамковните спогодби како облик на доделување на договор за јавна набавка со спроведување на постапка за јавна набавка е мошне големо и позитивно. Најголемо искуство од примена на рамковните спогодби имаат Велика Британија и скандинавските земји каде голем дел од договорите за јавни набавки се склучени врз основа на рамковни спогодби.

Со усогласување на националниот Закон за јавните набавки со Директивите на Европската Унија, ќе се воведат и рамковните спогодби како облик на доделување на договор за јавна набавка со спроведување на постапка за јавна набавка со што ќе зголеми ефикасноста и економичноста во постапките за доделување на договор за јавна набавка.

Изготвувањето на оваа брошура е со цел да им помогне како на договорните органи (набавувачи) така и на економските оператори (понудувачи) подобро да ги разберат рамковните спогодби преку пренесување на европските искуства за нивна практична примена и да се овозможи полесна имплементација на доделувањето на договорите за јавна набавка со склучување на рамковни спогодби со нивното транспонирање во македонскиот Закон за јавните набавки.

**Што е рамковна спогодба?**

Рамковна спогодба е спогодба помеѓу еден или повеќе договорни органи и еден или повеќе економски оператори со цел воспоставување на услови кои ќе ги уредуваат сите натамошни договори кои ќе бидат склучени во одреден период, а особено во поглед на цената и, доколку е можно, предвидените количини.

Предмет на доделување на договор за јавна набавка со склучување на рамковна спогодба може да биде набавка на стоки, услуги и работи.

Договорниот орган не смее да доделува договори за јавни набавки за набавка на стоки, услуги или работи кои не се предвидени во рамковната спогодба.

Во рамковната спогодба, потребно е да се утврди единечната цена, врз основа на која ќе се пресметува цената на секој договор за јавна набавка кој ќе се доделува врз основа на спогодбата односно според која договорниот орган во иднина би ги набавувал стоките, услугите и работите.

Цената, во рамковната спогодба, не мора да биде утврдена како фиксен износ – истата може да биде утврдена со посебни услови и формули, како на пример со утврдување на ценовен индекс (цената на "лице место" на пазарот во Скопје +/- %).

Постојат и исклучителни ситуации, кога цената неможе да се утврди со склучување на рамковната спогодба, таков е случајот со доделувањето на договорите за јавна набавка по пат на спроведување на електронска аукција помеѓу економските оператори со кои е склучена рамковната спогодба. Во овој случај во рамковната спогодба, прецизно ќе се дефинираат минималните технички карактеристики на предметот на набавката, а цената ќе претставува основа за негативно наддавање.

Покрај цената во рамковната спогодба потребно е да се утврди и максималната количина на предметот на набавката која договорниот орган планира да ја набави за целото времетраење на рамковната спогодба.

Рамковната спогодба не го обврзува договорниот орган да ја набави предвидената количина на стоки, услуги или работи, туку

регулира како ќе се реализира набавката доколку се јави потреба од истата. Може да се случи договорниот орган воопшто да не ги набави стоките, услугите или работите за кои склучил рамковна спогодба.

Од тие причини, рамковните спогодби се мошне корисни кога кај договорниот орган постои финансиска несигурност и му овозможуваат да ја набави онаа количина од предметот на набавката која му е потребна, во некое идно време и во рамките на дозволените финансиски средства.

Рамковната спогодба најчесто се склучува доколку:

- предметот за доделување на договор за јавна набавка е услуга или стока за широка потрошувачка;
- не се знае точно времето, ниту количина која ќе му биде потребна на договорниот орган;
- предметот е подложен на перманентно одржување и сервисирање;
- цената и условите за испорака на предметот постојано се менуваат и
- кога постои веројатност дека во текот на одреден период ќе има потреба од повторно доделување на договор за јавна набавка за истиот предмет за набавка, а договорниот орган со склучување на рамковна спогодба ќе заштеди време и ќе ги намали трошоците за повторно спроведување на постапка за доделување на договор за јавна набавка.

**Кога може да се склучи рамковна спогодба?**

Договорниот орган може да склучи рамковна спогодба со спроведување на отворена или ограничена постапка или доколку се исполнети сите услови, рамковната спогодба може да се склучи и кај, постапката со преговарање со или без претходно објавување на оглас.

Во Директивите на ЕУ не постои одредба во која се забранува користењето на рамковните спогодби во последната фаза од конкурентниот дијалог, меѓутоа многу е тешко да се исполнат условите кои се пропишани за спроведување на конкурентен дијалог каде што рамковната спогодба би била практично спроведлива.

Доколку се планира да се склучи рамковна спогодба истото треба прецизно да се наведе во огласот за доделување на договор за јавна набавка.

Сите одредби кои се однесуваат на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки, начелата и принципите на кои се засновани јавните набавки особено, јавност и транспарентност при спроведување на постапките и во процесот на доделување на договори за јавна набавка, обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, рационално и ефикасно користење на средствата, временските рокови, избор на најповолна понуда, доделување на договор за јавна набавка, се однесуваат и на рамковните спогодби.

**Времетраење на рамковната спогодба**

Според новите Директиви на Европската Унија, договорниот орган може да склучи рамковна спогодба во времетраење кое е соодветно на природата на предметот на набавката, но не подолго од четири години.

Рамковните спогодби можат да се склучат и на подолг период, но во исклучителни оправдани случаи во зависност од природата на предметот на набавката. Договорните органи треба добро да ги образложат рамковните спогодби склучени за подолг временски рок од пропишаниот и истите несмеат да ги злоупотребуваат.

Бидејќи, рамковната спогодба значи на некој начин ограничување на конкуренцијата, а имајќи во предвид дека еден од основните принципи – начела на јавните набавки пропишани со Директивите на ЕУ за јавни набавки е обезбедување и потикнување на истата, од тука и се јавува потребата за ограничување на времетрањето на рамковните спогодби.

Ограничувањето на времетраењето на рамковните спогодби како и почитување на принципот за обезбедување на конкуренција помеѓу економските оператори, можат значително да помогнат да се избегнат или намалат проблемите кои се сврзани со коруптивно однесување.

Договорите кои се склучени според рамковна спогодба, а кои за предмет или дејство имаат спречување, ограничување или нарушување на конкуренција, се сметаат за ништовни.

Исто така, поделбата на предметот на доделување на договор за јавна набавка со склучување на рамковна спогодба, на оптимални лотови односно делови со ограничување на економските оператори (понудувачи и кандидати) да доставуваат неделива понуда е корисен инструмент за промовирање на учеството на мали и средни претпријатија во јавните набавки врз основа на склучување рамковни спогодби.

**Страни во рамковната спогодба**

Договорниот орган пропишува минимални критериуми за утврдување на способност на економските оператори (понудувачите или кандидатите) врз основа на проценетата вредност на најголемиот договор за јавна набавка што треба да се додели за времетраење на рамковната спогодба.

Економскиот оператор (кандидатот или понудувачот) има право да стане страна во рамковната спогодба доколку ги исполни пропишаните минимални критериуми за утврдување на способност на кандидатите или понудувачите и се сложува со условите од рамковната спогодба.

Рамковната спогодба можат да ја користат само договорните органи и економските оператори (кандидати или понудувачи) кои ја склучиле истата. Кога рамковната спогодба се користи од страна на повеќе договорни органи, истите треба да бидат експлицитно наведени во огласот за доделување на договор за јавна набавка наведувајќи ги поединечно или преку референца во друг документ-спецификација или листа на договорни органи кои ќе имаат право да склучуваат рамковни договори врз основа на рамковна спогодба склучена од страна на еден договорен орган или централно тело за набавки.

Со други зборови, рамковната спогодба претставува затворен систем во кој никој друг не може да влезе, ниту како договорен орган ниту пак како економски оператор (понудувач) освен оние договорни органи и економски оператори кои се страна на рамковната спогодба.

**Проценета вредност на рамковната спогодба**

Проценетата вредност на рамковната спогодба претставува проценета вредност на сите договори кои ќе се склучат за набавка на сите стоки, услуги и работи за целокупното времетраење на рамковната спогодба.

Од голема важност е, договорниот орган, да изврши реално проценување на вредноста на рамковната спогодба односно реално да ја процени вредноста и количината која треба да се набави со склучување на поединечни договори за целото времетраење на рамковната спогодба.

Ова произлегува од таму што, од висината на проценетата вредност на рамковната спогодба ќе зависи и која постапка ќе се спроведува за доделување на договор за јавна набавка.

Договорниот орган не смее да врши делење на договорот за јавна набавка или пак да користи методи за пресметување на пониска проценета вредност на договорот со цел да се избегне одредена постапка за доделување на договор за јавна набавка.

Договорните органи кои склучиле рамковна спогодба се обврзани да достават известување за склучена рамковна спогодба до институцијата која е надлежна да го следи спроведувањето на јавните набавки на национално ниво (Биро за јавни набавки). Известувањето за склучената рамковна спогодба ги содржи следниве податоци: страните на рамковната спогодба (договорните органи и економските оператори кои ја склучиле рамковната спогодба), времетраењето на рамковната спогодба, проценетата вредност на рамковната спогодба, предвидените количини и слично.

Договорниот орган е ослободен од обврската за доставување на известувања за доделените поединечни (индивидуални) договори врз основа на склучена рамковна спогодба.

## Единечна и повеќекратна рамковната спогодба

Договорните органи, може да склучат рамковна спогодба која опфаќа еден или повеќе видови на стоки, услуги и работи и тоа со:

- еден економски оператор (единечна рамковна спогодба) кој може да ги достави сите стоки или да ги изврши сите услуги или работи или
- повеќе економски оператори (повеќекратна рамковна спогодба) од кои секој посебно може да ги добавува сите или некои стоки, услуги или работи.

Рамковната спогодба склучена со еден економски оператор (единечна рамковна спогодба) особено ги содржи следниве елементи:

- обврските што ги превзема економскиот оператор според техничката понуда;
- единечната цена што економскиот оператор ја предвидел во финансиската понуда, врз основа на која се пресметува цената на секој договор за јавна набавка кој се доделува врз основа на спогодбата, и
- доколку е потребно, посебни услови и формули за утврдување на разлика во цена.

Врз основа на техничките и финансиските услови, како и максималните количини предвидени во рамковната спогодба договорниот орган ги доделува договорите за јавни набавки.

Договорниот орган писмено го известува економскиот оператор при доделување на договор за јавна набавка врз основа на рамковна спогодба.

Рамковната спогодба склучена со повеќе економски оператори (повеќекратна рамковна спогодба) ги содржи следните елементи:

- обврските што ги превзема секој економски оператор според техничката понуда;
- единечната цена што секој економскиот оператор ја предвидел во финансиската понуда;
- доколку е потребно, посебни услови и формули за утврдување на разлика во цена, и
- други елементи кои договорниот орган ги смета за потребни.

Кога договорниот орган склучува повеќекратна рамковна спогодба бројот на економски оператори со кои ќе се склучи рамковната спогодба може да биде најмалку три (3) економски оператори.

Нивниот број може да е помал од три (3) во случај кога нема доволен број на економски оператори кои ги исполниле критериумите за утврдување на способност и истите доставиле прифатливи понуди.

Договорниот орган доделува договори за јавни набавки врз основа на рамковна спогодба склучена со повеќе економски оператори (повеќекратна рамковна спогодба) на следните начини:

- без повторно прибирање на понуди
- со повторно прибирање на понуди од сите економски оператори кои се страна во рамковната спогодба, односно спроведување на “мини-тендер”.

**Рамковни спогодби според условите кои се дефинирани**

Рамковната спогодба во зависност од тоа дали во спогодбата се дефинирани сите услови или само некои од нив може да биде:

- рамковна спогодба во која се дефинирани сите услови и кои ќе останат непроменети за целото времетраење на рамковната спогодба и
- рамковна спогодба во која се дефинирани само некои услови а останатите услови ќе бидат предмет на повторно прибирање на понуди (strico sensu) .

### ***Рамковни спогодби во кои се утврдени сите услови за доделување на договор***

**Рамковна спогодба со еден економски оператор (единечен рамковен договор)**

Во оваа група на рамковни спогодби спаѓаат таканаречените договори со нарачка односно договори кои се доделуваат врз основа на рамковна спогодба, во која строго се дефинирани сите услови за доделување на договор за јавна набавка како што се: утврдена техничка спецификација на предметот на набавката, единечна цена, потребните количини и други елементи кои договорниот орган ги смета за неопходни за извршување на договорот.

Сите услови кои се дефинирани во рамковната спогодба, остануваат непроменети за целото времетраење на истата.

Договорниот орган неможе да бара од економскиот оператор понудата врз основа на која е склучена рамковната спогодба да ја менува, а набавките можат да се вршат исклучиво според условите дефинирани во рамковната спогодба и во рамките на ограничувањата (практично ова се однесува на спецификацијата на стоките, услугите и работите кои се опфатени во предметот на набавката како и условите во однос на квантитетот на предметот на набавка) утврдени во неа.

**Рамковна спогодба со повеќе економски оператори (повеќекратни рамковни договори)**

Договорите, врз основа на склучена рамковна спогодба со повеќе економски оператори во која се дефинирани сите услови за доделување на договор за јавна набавка, се доделуваат ***без повторно прибирање на понуди.***

Договорниот орган, договорите од овој вид на рамковна спогодба ги доделува врз основа на прецизно дефинираните услови во рамковната спогодба и без конкуренција помеѓу економските оператори (понудувачи и кандидати) кои се страна во рамковната спогодба.

Начинот на кој договорниот орган ги доделува овие договори на економските оператори, не е експлицитно пропишан со Директивите на ЕУ.

При изборот на економскиот оператор на кој ќе му се додели договор врз основа на склучена рамковна спогодба, мора да се почитуваат принципите на еднаков третман и недискриминација на економските оператори со кои е склучена рамковната спогодба, транспарентност и интегритет во процесот на доделување поединечните договори, рационално и ефикасно искористување на јавните средства.

Еден од начините за избор на економски оператор на кој ќе му се додели поединечен договор за јавна набавка е каскаден

метод (“cascade method”) односно скалестиот метод каде прво договорот за јавна набавка се доделува на економскиот оператор кој е прво рангиран во рамковната спогодба, а потоа доколку прворангираниот економски оператор не е во можност или пак нема интерес да ги обезбеди бараните стоки, услуги и работи, се повикува следниот односно второрангираниот економски оператор и така натаму.

Важно е да се напомене дека при избор на економски оператор на кој ќе му се додели договор за јавна набавка може да влијае и специјализираноста на економскиот оператор за одреден тип, вид или дел од предметот на набавката за кој се однесува доделувањето на договорот. На пример, договорен орган кој располага со голем број на различни типови и марки на фотокопирни машини има потреба за доделување на договор за јавна набавка со склучување на рамковна спогодба каде што премет на набавка е одржување и сервисирање на истите.

Во овој случај, пожелно е договорниот орган да склучи повеќекратна рамковна спогодба односно како страна во рамковната спогодба да бидат повеќе економски оператори кои се специјализирани за сервисирање и одржување на одредени типови или марки на фотокопирни машини.

При изборот на економските оператори кои ќе станат страна во рамковната спогодба, договорниот орган го користел критериумот економски најповолна понуда и ги бодирал елементите: цена, време на интервенција, колку модели или типови на фотокопирни машини економскиот оператор е специјализиран да сервисира и одржува итн. Иако при, евалуацијата на понудите на економските оператори за склучување на рамковна спогодба фирмата Canons е прво рангирана, рамковниот договор за сервисирање и одржување на фотокопирна машина марка Xeroh може да му биде доделен на економскиот оператор кој е специјализиран за таа марка фотокопирна машина.

***Рамковни спогодби во кои не се утврдени сите услови за доделување на договор (рамковни спогодби -strico sensu)***

**Рамковна спогодба со еден економски оператор (единечна рамковна спогодба)**

Доделувањето на договори врз основа на склучена рамковна спогодба со еден економски оператор во која не се утврдени сите услови за доделување на договор, се врши на тој начин што пред секое доделување на поединечен договор, договорниот орган писмено бара од економскиот оператор попрецизно да ги утврдат условите под кои ќе се додели поединечниот договор, и истите треба да бидат идентични со условите кои веќе се дефинирани во рамковната спогодба во поглед на предметот на набавката и предвидените количини.

Кај овие спогодби потребно е детално да се пропишат техничките спецификации на предметот на набавката и другите условите кои ќе се утврдат во рамковната спогодба, поради тоа што тие неможат на било кој начин да бидат дополнувани или менувани после склучувањето на рамковната спогодба. (на пример да се прошири спецификацијата на предметот на набавка или одредени стоки да бидат заменети за други кои договорниот орган не ги предвидел).

**Рамковна спогодба со повеќе економски оператори (повеќекратни рамковни спогодби)**

Договорниот орган, доделувањето на поединечни договори за јавна набавка врз основа на склучена рамковна спогодба со повеќе економски оператори во која не се утвдени сите услови на доделување на договор, го врши ***со повторно прибирање на понуди,*** односно со спроведување на „мини тендер" помеѓу економските оператори со кои е склучена рамковната спогодба.

При склучување на повеќекратна рамковна спогодба, потребно е договорниот орган да пропише дали со склучување на рамковната спогодба ќе ги утврди сите услови и ќе ја исклучи можноста од повторна конкуренција (без повторно прибирање на понуди) или пак нема да ги утврди сите услови на рамковната спогодба и изборот на економските оператори на кои ќе им се доделуваат договори за целото времетраење на рамковната спогодба, ќе се спроведува со повторно прибирање на понуди.

При доделување на поединечни договори со повторно прибирање на понуди, се спроведува следната постапка:

- за секој договор за јавна набавка, договорниот орган доставува писмено барање за прибирање на понуди до сите економски оператори кои се страна во рамковната спогодба;

- договорниот орган определува приемен рок кој ќе овозможи да се поднесат понуди за секој договор за јавна набавка водејќи сметка за сложеноста на предметот на договорот и времето потребно да се подготват и поднесат понудите.

- понудите се доставуваат во писмена форма и договорниот орган ги отвара во утврдениот рок. Отварањето на понудите не е јавно. Содржината на понудите останува доверлива се додека договорниот орган не ги извести понудувачите за извршениот избор, и

- договорниот орган го доделува секој договор за јавна набавка на понудувачот кој ја поднел најдобрата понуда врз основа на критериумите за доделување утврдени во рамковната спогодба.

Критериум за доделување на договор за јавна набавка може да биде економски најповолна понуда или во случај на доделување на специфични договори, најниската цена.

При доделување на поединечните договори за јавна набавка, договорниот орган мора да го користи критериумот за доделување на договорот наведен во рамковната спогодба, со можност елементите од критериумот најповолна економска понуда, подетално да ги дефининара и прилагоди со предметот на доделување на договорот, во поканата за повторно прибирање на понуди.

На пример, договорен орган склучил рамковна спогодба со повеќе економски оператори со повторно прибирање на понуди каде предмет на набавка се компјутери и принтери а критериум за избор е економски најповолна понуда бодирајќи ги елементите: цена, технички карактеристики и трошоци на користење или економичност на предметот на набавката и истите се наведени во рамковната спогодба.

Договорниот орган при повторното прибирање на понудите за доделување на договор за јавна набавка подетално ги разработува елементите од критериумот економски најповолна понуда.

За набавка на принтери техничките карактеристики ќе ги вреднува со “страни/минута” односно колку страни во минута печати секој вид или тип на принтер, потоа трошоците на користење или економичноста ќе ја мери со потрошената енергија при користење на принтерот, животниот век на тонерите и нивната цена и слично.

Писменото барање за прибирање на понуди односно поканата содржи: информации за количината и други посебни податоци што ќе го сочинуваат предметот на договорот што треба да се додели, информации за условите кои не се дефинирани во рамковната спогодба и кои ќе бидат предмет на повторно прибирање на понуди, како и критериумите за доделување на договорот што ќе се применуваат за избор на економскиот оператор на кој ќе му се додели договорот, информации за крајниот рок за поднесување на понудите и начинот на нивното поднесување.

Дијаграм за рамковна спогодба во која не се утврдени сите услови за доделување на договорите



**Бенифиции од користење на рамковните спогодби**

Јавните набавки се сложен процес. Склучувањето на рамковна спогодба како облик за доделување на договор за јавна набавка ги има следниве позитивни страни:

- рамковната спогодба не го обврзува договорниот орган да ја изврши набавката,
- намалување на времето за повторно објавување,
- намалување на трошоците околу објавувањето,
- можност да се набави брзо и веднаш кога ќе се јави потреба од набавката,
- можност на поделба на големи набавки во помали логични делови или целини без да се поминува долготрајна процедура за доделување на договор за јавна набавка одделно за секоја набавка
- постојана конкуренција помеѓу избраните економски оператори (повеќекратна рамковна спогодба кога не се утврдени сите услови за доделување на договор за јавна набавка)
- избор на квалитетни економски оператори кои се способни да ја задоволат потребата за набавка.

---

Користена литература:

- Explanatory Note-Framework Agreements – Commission European
- OGC Guidance on FA in the new procurement Regulati